**Драги родители,**

**Влегувањето во училиште на детето е еден од најпосебните моменти во животот на родителот и главниот чекор во животот на секое дете. Тоа периодот претставува важна транзиција во развојот на детето, без оглед дали посетувал градинка или престојувал во домот. Овој пат може да има позитивно влијание врз ставот што детето го има кон училиштето и учењето воопшто. Студии покажуваат дека запознавањето со училишните барања помага како децата и родителите полесно да се прилагодат на училиштето и ја намалува вознемиреноста за започнување на училиште и за двете страни.**

**На сите ученици им посакуваме добро „патување“ за време на деветгодишното посетување во основно училиште!**






## Што ќе научам по природни науки?

- Да се грижам за своето здравје преку личната хигиена, физичката активност и здравата исхрана
- Да правам разлика помеѓу карактеристиките на животните, луѓето и растенијата
- Да разликувам и споредувам звуци
- Да ги запознаам деловите од моето тело
- Да ги разликувам основните материјали и нивните својства



## Што ќе научам по општество?

- Да ги научам и почитувам правилата во училиштето
- Да научам кои се моите одговорности како ученик и кои се на наставникот
- Да ги запознаам моите чувства и да научам да ги опишувам
- Да научам за добрите карактеристики на другарчињата и другарувањето
- Да научам за домот и семејството, како и одговорностите во него
- Да знам дека сите обврски во домот подеднакво припаѓаат на секој член од семејството
- Да ја истражувам околината на местото во кое живеам
- Да се движам и играм безбедно
- Да научам дека разликите се предност



## Што ќе научам по математика?

- Да бројам до 100, да пишувам броеви и да собирам и одземам до 20
- Да го мерам и да го кажувам времето
- Да решавам интересни задачи со размислување
- Да ги разликувам и цртам геометриските форми и фигури

